Уп. бр. 10-93

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/14 53/16 и 83/18) и член 124 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15 и 65/18) постапувајќи по предлогот за огласување на решение за ништовно доставен од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони на седницата одржана на ден 15.07.2024 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Предлогот Уп.бр.10-93 од 20.06.2024 година (бр. 13-801/2 од 19.06.2024 година) на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за огласување за ништовно на Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата Уп.бр.10-135 од 08.11.2023 година, СЕ ПРИФАЌА.

2. Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата Уп. бр. 10-135 од 08.11.2023 година, СЕ ОГЛАСУВА ЗА НИШТОВНО БИДЕЈЌИ НЕГОВОТО ИЗВРШУВАЊЕ ВООПШТО НЕ Е МОЖНО.

**О б р а з л о ж е н и е**

Комисијата за заштита на конкуренцијата („во натамошниот текст: КЗК) со допис бр.10-93 од 31.05.2024 година побара од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (ДТИРЗ) официјално да се произнесе во врска со информациите во медиумите дека „Договорот за доделување на државна помош кон Друштвото за производство, трговија и услуги НЕКСТ.Е.ГО МОБИЛЕ, NEXT.E.GO MOBILE ДООЕЛ увоз-извоз Тетово се запира заради несолвентноста на компанијата „мајка„ како и секоја постапка предвидена за доделување на јавни средства„. Земајќи го предвид горенаведеното, КЗК побара од ДТИРЗ да се произнесе дали е возможно планираната државна помош за посебна обука кон Друштвото за производство, трговија и услуги НЕКСТ.Е.ГО МОБИЛЕ, NEXT.E.GO MOBILE ДООЕЛ увоз-извоз Тетово да се реализира или не.

ДТИРЗ на ден 19.06.2024 година достави допис бр.13-801/2 (наш број 10-93 од 20.06.2024) со предлог до КЗК да го огласи за ништовно Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата Уп.бр. 10-135 од 08.11.2023.

ДТИРЗ со дописот бр. 13-801/2 од 19.06.2024 година ја информираше КЗК и потврди дека по добиените информации за несолвентност на компанијата „мајка“, која е основач/сопственик согласно податоците од Централниот регистар, планираната инвестиција на НЕКСТ.Е.ГО

МОБИЛЕ, NEXT.E.GO MOBILE ДООЕЛ увоз-извоз Тетово за производство на моторни возила се запира и нема да се реализира.

Исто така, во дописот на ДТИРЗ се наведува дека не постои можност за извршување на Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата Уп.бр.10-135 од 08.11.2023.

По разгледување на предлогот на ДТИРЗ за огласување на Решението на КЗК Уп. бр. 10-135 од 08.11.2023 за ништовно, КЗК утврди дека:

КЗК со Решение бр. 10-135 од 08.11.2023 година утврди дека планираната помош за посебна обука на вработените во висина од 25% од оправданите трошоци остварени до датумот на завршување кон Друштвото за производство, трговија и услуги НЕКСТ.Е.ГО МОБИЛЕ, NEXT.E.GO MOBILE ДООЕЛ увоз-извоз Тетово претставува државна помош и истата е дозволена како индивидуална помош во смисла на член 4 став (1) точка 2 од Законот за контрола на државната помош, како хоризонтална помош за посебна обука согласно член 4 став (1) точка 14 од Законот за контрола на државната помош.

Во предлогот на ДТИРЗ бр. 13-801/2 од 19.06.2024 е наведено дека планираната државна помош за посебна обука за вработените во Друштвото за производство, трговија и услуги НЕКСТ.Е.ГО МОБИЛЕ, NEXT.E.GO MOBILE ДООЕЛ увоз-извоз Тетово нема да се доделува заради нереализација на инвестицискиот проект односно заради несолвентноста на компанијата „мајка„. Поради тоа, планираната инвестиција се запира и нема да се реализира.

КЗК ова го прифаќа како причина поради која Решението на КЗК Уп. бр. 10-135 од 08.11.2023 година не може воопшто да се изврши и истото го огласува за НИШТОВНО.

Врз основа на горенаведеното КЗК одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Упатство за правно средство:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Ана Николоска**